**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-1213/1**
**Од 23.06.2021 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на Советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

Врз основа на член 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 05/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 12/06), се донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на Педесет и петтата седница на советот на општина Ѓорче Петров**

Ја свикувам **Педесет и петтата** седница на советот на општина Ѓорче Петров.

Седницата ќе се одржи на ден **30.06.2021 година (среда)**, со почеток во **11:00 часот.**

За седницата го предлагам следниот:

**Д н е в е н р е д:**

1. **Предлог - Одлука за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година;**
2. **Предлог - Одлука за префрлање средства од сметка Дотации на сметка Основен буџет;**
3. **Предлог - Одлука за измена на распоред на средства (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година;**
4. **Предлог - Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година ;**
5. **Предлог - Одлука за одобрување на исплата на финансиски средства на граѓани оштетени од поплави и друг вид на елементарни непогоди на територијата на општина Ѓорче Петров во 2020 година;**
6. **Предлог - Одлука за давање на согласност за финансиска подршка на Здружение на пензионери на ОЃП;**

Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**